вата младост и зрелост да ги реализира своите планови за ослободување на својот напатен народ, како и на другите народности што живеат во Македонија, му го донесоа ореолот на признание, почит и памтење. И не случајно тој стана легенда, симбол на храброст, гордост, непокор и непребол за идните македонски генерации, вткајувајќи и врежувајќи се длабоко во свеста на македонските народни маси. А колкава била широчината на Гоцевата мисла и дело може да се види и од неговата длабоко филозофска визија „јас го разбирам светот како единствено поле за културен натпревар меѓу народите" чијшто одзвук во Македонија, на Балканот и пошироко има космополитска димензија.

Обработувајќи го Гоце Делчев од сите можни аспекти, Хр. Андонов — Полјански не пропуштил да го забележи и автентичниот одраз на делото на Делчев во македонското народно и уметничко творештво. Во овој монографски приказ на дејноста на овој заслужен македонски син и трибун среќаваме неколку народни песни како и извесен број на уметнички остварувања од страна на македонски поети. Гоце Делчев го привлече вниманието и на голем урој прозаисти, ликовни уметници, музичари, претставувајќи неисцрпен врутoк за идни остварувања.

Ова мошне луксузно издание, чијшто текст наизменично е проследен со фотографии од животот и дејноста на овој великан, потоа фотографии од членови на неговото семјство, видни македонски револуционери и дејци, местата каде што Гоце се школувал и учителствувал, разни револуционерни чети, уметнички портрети, свечени академии и посветени на неговиот живот и дело, насловни страници на книги, статии во весниците и списанијата што излегувале во земјата и во странство, имиња на улици, институции и сл., доволно ни даваат за право да заклучиме дека оваа фотомонографија може да го задоволи вкусот и на пошироката читателска публика. И кога на ова ќе му го додадеме и фактот дека поголемиот дел од фотографиите се нови (бидејќи дел од нив се објавени во шесттомното издание за Гоце Делчев од истиот автор), јасноста и елоквентноста на авторовиот стил, ползувањето на мошне богатите архивски материјали, спомени, печат и др., ова фотомонографско издание претставува придонес за нашата историографска наука и современа научна мисла.

Благој СТОИЧОВСКИ

УДК 949.707.06/.09(082)(049.3)

## ПРИЛОЗИ ЗА ИЛИНДЕН VI, КРУШЕВО, 1987, 197, 8°

Зборник на трудови поднесени на тркалезната маса одржана во Крушево (на 2 и 3 октомври) во рамките на Научно-културните средби „Десет дена на Крушевската Република", посветена на ослободителната борба на македонскиот народ непосредно пред фашистичката агресија на Балканот (1937—1941). Во Зборникот се содржани 16 прилози и дискусии на учесниците. На крајот е даден регистер на имиња на лица и на места што го поедноставува неговото користење. Во застапените трудови се обработуваат и осветлуваат бројни суштествени прашања од предметната проблематика.

Д-р Иван Катарџиев пишува за карактеристиките во развојот на македонското националноослободително движење спроти фашистичката агресија на Балканот. Следејќи го континуитетот на неговиот развиток по Париската мировна конференција и санкционирањето на поделбата на Македонија пишува дека во новосоздадените услови македонското

националноослободително движење се најде пред задача „борбата за ослободување на Македонија да ја дополни со борба за востановување на целоста на Македонија како единствена територијална-политичка и национална целина и, особено, да се зачува националниот идентитет на македонскиот народ". Што се однесува до предметниот период авторот констатира една општа состојба (во 1937 година): „Македонското националноослободителното движење во сите три дела на Македонија, како и во редовите на македонската емиграција во прекуокеанските земји се наоѓаше во фаза на мобилизација на сите расположиви, пред сè, умствени сили за дефинирање на претстојните цели и методи на ослободителната борба и за афирмација на македонскиот национален субјективитет". Но, и дека тоа беше во противречност со новата стратегија на меѓународното работничко и комунистичко движење односно на Комунистичката интернационала која, поради фашистичката агресија, ги призна државните граници во Европа утврдени со империјалистичките мировни договори, а со тоа македонското националноослободително движење беше ставено пред нови сложени услови. Во такви услови тоа мораше да се организира и бори сепаратно да го решава македонското национално прашање во рамките на постојните држави.

**Д-р Владимир Картов пишува за политичката положба на македонскиот** народ во одделните области на Македонија во рамките на владеачките држави (1918—1941). Притоа авторот констатира дека македонскиот народ во сите балкански држави беше целосно национално потиснат и обесправен и дека сите тие држави имаа една единствена цел: „Македонија и македонскиот народ да се обезличат". Македонското име и јазик го забранија, ги менуваа имињата и презимињата на луѓето и имињата на населените места и сите топоними, во приморскиот дел од Македонија. Режимите на балканските монархии во сите делови вршеа насилна денационализација и асимилација. На македонската земја вршеа систематска колонизација за менување на етничкиот состав и за да можат трајно да ја обезбедат својата власт во Македонија.

Академикот д-р Манол Пандевски пишува за националните пројави на пиринските Македонци во годините 1934, 1935 и 1936 година, на онсова на документацијата од Обласниот комитет на ВМРО (Обединета) за Македонија под бугарска власт. Притоа авторот извлекува сосема определени заклучоци: 1. Постоење „јасно искристализирана национална свест и програмски барања што биле пропагирани сред македонските маси и што биле истакнувани во борбата против бугарските влади". Во документите „јасно и високо се рекламирало постоењето на одделна македонска нација на Балкан", во Бугарија, Југославија и во Грција". 2. Основно барање било барањето за „право на самоопределување — сè до правото на отцепување и конституирање во одделна државна единица" во Пиринскиот дел од Македонија.

Д-р Блаже Ристовски пишува за националноослободителните програми на македонското движење среде прогресивната емиграција (1934—1941) при што главното внимание е посветено на Македонците во Бугарија. Но, исто така, и во европските и прекуокеанските земји вклучувајќи ги и Македонците во интернационалните бригади во Шпанија, „како посебно организирана национална групација составена од претставници од сите делови на Македонија што настапуваше како единствен национален субјект пред светската па и македонската јавност".

Д-р Михајло Миноски пишува за политичката дејност и акциите на македонското прогресивно иселеништво во Америка за поддршка на ослободителната борба на макердонскиот народ (1934—1941) Во средината на 30-те години организирањето независно македонско прогресивно движење

во Америка водело интензивна политичко пропагандна дејност за поддршка на ослободителната борба на македонскиот народ и за информирање на светската прогресивна јавност за теророт што го спроведуваа владеачките режими на балканските држави во поробена Македонија. Потоа беше истакнувано како основно барањето и на македонскиот народ да му се признае правото на самоопределување и создавање своја држава. Но, дека за тоа свое право македонскиот народ може да се избори со вооружена борба, по патот на револуција. По априлската војна и пропаѓањето на Југославија организираното македонско прогресивно иселеништво застанало, како што пишува авторот, решително во поддршка на оружената националноослобдителната борба на македонскиот народ, заедно со другите југословенски народи, за национално ослободување и самостојна македонска држава.

Д-р Орде Иваноски пишува за акционата програма на ВМРО (обединетата) од 1933 година за национално ослободување и државно обединување на Македонија, д-р Ристо Кирјазовски пишува за директиви на Комунистичката интернационала до Комунистичката партија на Грција во 1939 година.

Д-р Боро Мокров пишува за борбата на великите комунисти од 1937 до 1941 година, а д-р Данчо Зографски за Јосип Броз Тито и ослободителната борба на македонскиот народ во предвоениот период.

Д-р Глигор Тодоровски пишува за политичките цели во административно територијалните делби и пописи на населението во вардарскиот дел од Македонија по Првата светска војна до 1941 година, а д-р Миле Тодоровски пишува за подемот на напредното работничко синдикално движење во Македонија (1937—1940). Се однесува на Вардарскиот дел. Со свои трудови се застапени уште и: д-р Јанко Плетерски, Кики Мангова Поњавиќ, Марија Коробар — Белчева, д-р Олга Иванова и Крсто Топузовски.

По сето што е кажано, а со оглед на ширината на обработуваната тематика и неспорниот квалитет на публикуваните трудови, сметаме дека се работи за Зборник на научни трудови што преставува нов, значаен прилог во нашата историска наука и ќе претставува појдовна основа за натамошни проучувања.

Михајло МИНОСКИ